

# КОМЕНТАРИ НА **ПРЕДЛОГ БУЏЕТОТ** 2025

Кратка анализа на основа на дискусијата „Ден на буџетот“ одржана во Хотел Мариот, Скопје, 22 Ноември 2024

www.crpm.org.mk


CRPM Center for Research and Policy Making ...policy impact since 2004

International Budget Partnership

Austrian Development Agency

Gender Budget Watchdog Network for a gender equal region

Sida

# НЕДОСТАТОК НА УЧЕСТВО
# НА ЈАВНОСТА ВО БУЏЕТСКИОТ ПРОЦЕС

**Предлог Буџетот за 2025 година е првиот програмски буџет на државата.**
Предлог буџетот во себе дефинира цели и индикатори за следење на посакуваните резултати. Оттука новиот буџет го унапредува доброто владеење во јавните финансии затоа што овозможува поголема одговорност на Владата. Истовремено, со овој програмски буџет се исполнува, 15 години подоцна, барањето на Европската Унија сите земји членки и кандидатки за членство да имаат програмски буџет до 2009 година. Од прегледот на предлог Буџетот се забележува дека не секогаш целите утврдени во него целосно ги одразуваат стратешките планови на министерствата или националните стратегии во сите области. Затоа се препорачува поголема координација на процесот на буџетирање и негово неопходно поврзување со процесот на стратешко планирање и подготовка на Програмата за работа на Владата.

**Буџетскиот процес досега не придонесе кон зголемување на транспарентноста и учеството на јавноста.**
Имено поради изборите и формирањето на Владата во средината на буџетскиот процес, доцнеше донесувањето на фискалната стратегија и дискусијата за фискалната дисциплина се одвива паралелно со дискусијата за Предлог буџетот што не е препорачливо според Кодексот на добри практики за фискална транспарентност на ММФ. Повторно беше пропуштено со пред-буџетска изјава да се информира јавноста што се планира со новиот буџет во летниот период и дебатата да започне пред предлогот да влезе во Собранието. Владата доцна го поднесе Предлог буџетот во Собранието, само две недели пред рокот за завршување на дебатата (утврдена со Деловникот на Собранието на 30 ноември)[1] оставајќи малку време на стручната и експертска јавност да учествуваат со свои видувања, оценки, а заинтересираните страни да направат оценка на влијанието на буџетот. Затоа се препорачува да се овозможи доволно време за дебата за да може пратениците информирано да поднесат амандмани на предложената рамка за јавни финансии.

[1] Владата го усвои предлог Буџетот на 29 октомври, а го достави во собранието една недела подоцна, додека јавноста пристапи до истиот откако започна јавната дебата две недели подоцна на 13 ноември 2024 година.







„Ден на Буџетот“
22.11.2024 - Сопствен извор

# БАЛАНС НА **ЕКОНОМСКИ РАСТ, ФИСКАЛНА ОДГОВОРНОСТ И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Баланс меѓу економскиот раст и фискалната одговорност.**

Со него се издвојуваат повеќе средства за капитални расходи, за 13% повеќе од 2024, се обезбедува поддршка за малите и средни претпријатија, но и за развојни и инфраструктурни проекти во општините, борба со сивата економија и зголемување на приходите преку реформски процеси како што се воведувањето на електронска фактура за намалување на даночната евазија, реформа во царинскиот систем итн. Истовремено, се обезбедуваат средства за сервисирање на долгот кој е повисок од препорачаниот и придонесува за буџетски дефицит поголем од 3%. Од ефективноста на работата на УЈП во прибирањето на даноците ќе зависи дали ќе има доволно приходи или ќе биде потребно вонредно да се финансира долгот.

Во Предлог Буџетот за 2025 година, страната на буџетските приходи, во 2025 година е планирано да достигнат 358,8 милијарди, што значи приближно 13% раст во споредба со усвоениот Ребаланс на Буџетот за 2024 година и истиот би изнесувал 40,7 милијарди денари повеќе. Најголемата компонента, даночните приходи и придонеси, се планира да се зголеми за скоро 35 милијарди денари, од кои би се постигнала зголемена наплата на даночни приходи за 23,1 милијарди денари во споредба со буџетското планирање од оваа година, додека се очекува зголемено остварување по однос на социјални придонеси во износ од 11,9 милијарди денари.

Расходната страна од буџетското планирање за 2025 година изнесува вкупно 37,4 милијарди денари расходи, што претставува околу 10% раст на сите расходни категории заедно, сведувајќи го вкупно планираниот износ на 400,2 милијарди денари. Вака планираниот износ е проектирано да се зголеми со паралелно зголемување на планираните буџетски средства за социјалната компонента на државата и на буџетот наменет за капитални инвестиции. Тековните расходи на државата, за следната фискална година се планираат да достигнат износ од 349,7 милијарди денари, што би претставувало пораст за 31,9 милијарди денари, што евидентира планиран пораст кај секоја категорија.

**Предлог буџетот за 2025 година е и социјален буџет.**

Социјалната компонента го има најголемиот структурен удел кај тековните расходи планирани со Предлог буџетот за 2025 година. Сепак се зголемува процентот од буџетот за социјална политика кој оди во надополнување на јазот за исплата на пензиите. Ова е случај и во други земји во светот со стареењето на населението, но кај нас е скоро два пати поголема зависноста на исплатата на пензиите од буџетот отколку во ОЕЦД. Затоа се препорачува оценка на демографската динамика, миграциите, и политиките на пазарот на труд со цел унапредување на одржливоста на финансирањето на социјалната заштита.

Најголемите промени во планирањето за 2025 година се во социјалната политика со фокус на пензионерите, но не и на младите. Во буџетскиот циркулар програмата за млади не се предвиде и како резултат на ова предлог Буџетот за 2025 година не обезбеди 0,3% од буџетот за млади кои треба да се алоцираат согласно Законот за младинско учество и младински политики на годишно ниво, и не се буџетираат обврските од законите и стратегиите, туку само платите на вработените во секторот.

# НЕДОВОЛЕН ФОКУС НА ПРЕДЛОГ БУЏЕТОТ КОН ИНВЕСТИЦИИ ВО ЈАВНИ УСЛУГИ, РОДОВА ДИМЕНЗИЈА И АНТИКОРУПЦИСКИ МЕРКИ

**Влијание на подобрување на квалитетот на живот во земјата.**

Зголемени инвестиции во образование и здравство како и покачувањето на платите и надоместоците, во рамки на планираното зголемување на буџетските средства за 3,7 милијарди денари, може да најават подобрување на квалитетот на јавните услуги. Истовремено со зголемување на дотациите до ЕЛС во вкупен износ од 2,5 милијарди денари,во сите категории: за стоки и услуги и за субвенции и трансфери, се очекува да влијае на рамномерен развој. Буџетските средства за стоки и услуги за следната фискална година се планираат да имаат удел од околу 2,6% од проектираниот годишен БДП и во структурата на вкупни расходи да учествуваат со 6,5%, што би претставувало 0,5% намалување во однос на буџетското планирање за оваа година. Сепак прашање е дали се обезбедени доволно средства за најранливите, бидејќи предлог буџетот не дава јасна слика колку управни договори за достава на услуги во заедницата за лица со посебн потреби, жртви на семејно насилство, деца и родители, намалување на штети од користење на дрога, бездомници, услуги на нега за стари и изнемоштени се планирани да се достават.

**Недоволна родова димензија во предлог буџетот за 2025 година.**

Предложениот буџет не целосно одговара на барањето на член 35 од новиот Закон за буџети, не вклучува сумарен преглед на родово буџетски изјави на корисниците на буџетот кои се регулирани во точка 2, потточка 5 како дел од буџетската документација и се доставуваат заедно со Предлог-буџетот. Иако член 31 од Законот за буџети бара секој буџетски корисник да идентификува најмалку една родова цел, само Собранието, Секретаријатот за законодавство, Министерството за труд и социјална политика, демографија и млади и Министерството за спорт го направиле тоа, додека само две институции имаат полово поделени индикатори: Министерството за здравство и Министерството за спорт. Исто така, средствата за родова еднаквост се намалени за 45% во година која е клучна за имплементација на акцискиот план на тековната Национална Стратегија за Родова Еднаквост . Затоа се препорачува да се зголемат средствата за спроведување на политики за родова еднаквост; да се вклучат родови цели кај сите буџетски корисници, согласно член 31 од Законот за буџети; да се воведат јасни и мерливи родови индикатори за следење на ефективноста на буџетските програми, исто согласно член 31 од Законот за буџети.

**Предлог Буџетот за 2025 година не ја отсликува стратегијата на Владата за борба со корупцијата.**

Во буџетот алоциран за независните институции има намалување на средствата за Државната комисија за справување со корупција, и Обдусманот, а за Државниот завод за ревизија има мало зголемување. Најважните институции за борбата со корупцијата се судската власт, обвинителството каде нема зголемувања на буџетот, а има мало зголемување кај Уставен суд и Совет за јавни обвинители. Ова ќе доведе обвинителството и ДКСК да зависат повеќе од надворешна помош, а не од државното финансирање.

# БАЛАНС НА **ЕКОНОМСКИ РАСТ, ФИСКАЛНА ОДГОВОРНОСТ И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Предлог Буџетот за 2025 не успева да ја следи новата Развојна стратегија што во фокус го става човекот. Неопходно усогласување со овој документ.**
Исто така, се предвидува намалување на буџетот на две независни клучни тела што се фокусираат на човекови права и справување со дискриминација Омбудсманот и Комисијата за заштита и превенција од дискриминација, кои ионака не се доволно капцитетни за да одговорат на потребите во согласност со заложбите и законските потреби.

**Предвидени се зголемувања на трошоците за заштита на животна средина, но не и доволно средства за спроведување на Стратегијата за чист воздух.**
Иако енергетската транзиција е приоритет во Буџетот за 2025 година нема многу средства за модерницација на електричната мрежа што ќе ги ограничи можностите на граѓаните да учествуваат во мрежата на производство на енергија со обновливи извори на енергија. Буџетот предвидува средства за истражувања за искористување на рудните богатства, но не и за развој и искористување на хидропотенцијалите на државата.








„Ден на Буџетот“
22.11.2024 - Сопствен извор

Дискусијата Ден на Буџетот се организира од Центарот за истражување и креирање политики, член на Меѓународното партнерство за буџети (организација која го подготвува Глобалниот индекс на отворен буџет), како и предводник на Мрежата за родов надзор на буџетирањето секоја година. На Денот на буџетот годинава учествуваа: Транспаренси Интернешнл Македонија, Младите можат, Реактор - истражување во акција, Новинари за човекови права, Центар за управување со промени, УГД Штип, ФИООМ. Целта на настанот е да се даде можност на стручната, експертската заедница и граѓанските организации да ги доставаат своите видувања и проценки за предлог буџетот и да придонесе во јавната дебата за новата рамка за јавни финансии.

CRPM Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

International Budget Partnership



# КОМЕНТАРИ НА ПРЕДЛОГ БУЏЕТОТ ЗА 2025 ГОДИНА

Ноември 2024, Скопје

www.crpm.org.mk

Austrian Development Agency

Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

Sida